ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CHESS FEDERATION OF MACEDONIA
Skopje 1000, sala KK Rabotnicki bb, Macedonia tel +389 2 3166 305 fax +389 2 3220 750 e-mail: chessmkd@mt.net.mk

# С Т А Т У Т

## на Шаховска федерација на Македонија

Скопје, 23 февруари 2020 година

Врз основа на членовите 5,20,25,40,74 и 76 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 29/07, 52/10 и 135/11), и членовите 14 и 15 од Законот за спорт ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 66/04 , 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 244/19) , Собранието на Шаховската федерација на Македонија на седницата одржана на 23 февруари 2020 година во Скопје донесе

# С т а т у т

На Шаховската федерација на Македонија

## I. Општи одредби

### Член 1.

Со овој Статут, во согласност со Законот за здруженија и фондации, Законот за спортот и други закони и прописи, како и Статутот и другите акти на ФИДЕ и ЕЦУ, се уредуваат: името и седиштето на Шаховската федерација на Македонија (во натамошниот текст: ШФМ); целите и задачите на ШФМ, облици и начин на дејствување; услови и постапка на основање; здружувањето во ШФМ и условите за тоа; членувањето на ШФМ во други сојузи, федерации и меѓународни асоцијации; печатот, штембилот и други обележја; претставување и застапување во правниот промет и спрема трети лица; органите, начинот на нивниот избор, траењето на мандатот на органите и начинот на одлучување на членовите, надлежноста и начинот на работа; стекнување и располагање со имотот и финансирањето, односно трошењето на средствата за вршење на дејноста; функциите и одговорноста за нивното вршење; програмите и плановите за работа; безбедноста; остварување на јавноста во работата; признанијата и наградите; администрацијата; статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес; престанокот на работата на ШФМ; постапувањето со имотот и средствата во случај на престанок на ШФМ; како и други прашања утврдени со закон во врска со работата на ШФМ.

### Член 2.

Шаховската федерација на Македонија е федерација на здруженија, во кој доброволно и на рамноправни основи се здружуваат правни лица: шаховските клубови, Општински шаховски сојузи, Шаховски сојуз на град Скопје и трговски друштва од областа на шахот од територијата на Република Северна Македонија, заради остварување на заедничките цели и задачи во областа на шахот.

### Член 3.

Името на федерацијата е Шаховска федерација на Македонија или скратено ШФМ.
Седиштето на ШФМ е во Скопје, на адреса :
сала КК„Работнички“, градски парк б.б., поштански фах 5
ШФМ има својство на правно лице.
ШФМ дејствува и работи на територијата на Република Северна Македонија.

### Член 4.

ШФМ е неполитичко, непартиско и непрофитно здружение.
Во ШФМ се забранува политичко, верско и религиозно организирање и дејствување.
За дејствијата од став 1 дисциплински мерки превземаат и надлежните органи во Шаховската федерација на Македонија. Органите на ШФМ се должни да го известат основниот јавен обвинител, доколку се утврди постоење на политичко, верско и

религиозно организирање и дејствување во ШФМ и нејзините членови, спротивно на Закон.

### Член 5.

ШФМ има свој печат и штембил.
Печатот на ШФМ е со тркалезна форма, со текст Шаховска федерација на Македонија. Штембилот има правоаголна форма со испишан текст како на печатот и место за број и датум на актот.
ШФМ има свој знак.
Знакот на ШФМ е син шаховски коњ, во основа камениот мост, во тркалезна форма.

### Член 6.

ШФМ е член на Олимписки Комитет на Република Северна Македонија.
ШФМ е член на Светската шаховска федерација (ФИДЕ), на Европската шаховска унија (ЕЦУ) и на други меѓународни асоцијации.
Одлука за зачленување на ШФМ донесува Управниот Одбор на ШФМ (во натамошен текст УО ).
Во меѓународните асоцијации ШФМ ја претставува Претседателот или Делегат назначен од Управниот Одбор на ШФМ.

### Член 7.

ШФМ има својство на правно лице од јавен интерес, со права и обврски и одговорности утврдени со Уставот, Закон и други прописи, овој Статут, како и со Статутот и другите акти на ЕЦУ/ФИДЕ. ШФМ не може да се трансформира во друг вид правно лице.

### Член 8.

Работата на ШФМ е јавна.
Претседателот на ШФМ е одговорен за јавно презентирање на сите активности.

### Член 9.

ШФМ го застапува и претставува Претседателот, а во случај на негова спреченост или отсутност, лице кое го овласти Управниот Одбор на ШФМ.
Имотот на ШФМ не може да се задолжи или отуѓи без претходна одлука на Управниот Одбор.

## II. Цели и задачи на ШФМ

### Член 10.

Основни цели и задачи на ШФМ се:

1. развој и унапредување на шаховската игра во Република Северна Македонија;
2. координирање и усогласување на програмските активности во областа на шахот;
3. организација на разни шаховски натпревари во сите категории, како во поединечна така и во екипна конкуренција;
4. подготовки на државните репрезентации за натпревари во земјата и странство;
5. подготовка на играчите за учество на натпревари во поединечна и екипна конкуренција во земјата и странство;
6. унапредување на стручната работа и усовршување на кадрите;
7. соработка со организации кои се особено значајни за развојот на шаховската игра;
8. соработка со клубови во и надвор од земјата.

### Член 11.

Заради создавање материјални услови за остварување на целите,интересите и активностите на ШФМ утврдени со овој Статут, ШФМ може да основа друштво со ограничена одговорност и акционерско друштво.

Одлука за формирање донесува УО на ШФМ, а регистрацијата се врши согласно законската регулатива.

# III. Членување и организација на ШФМ

## Член 12.

Во ШФМ членуваат одбори, сојузи и клубови односно трговски друштва и други асоцијации што ја негуваат шаховската игра на територијата на Република Северна Македонија.

## Член 13.

Стапувањето во членство на ШФМ е доброволно и со доставена пристапница до ШФМ од страна на здружение на граѓани наведено во член 2 од овој Статут.

Одлуката за прием во ШФМ ја донесува Управниот Одбор на ШФМ.

# IV. Права и обврски на членовите на ШФМ

## Член 14.

Членот на ШФМ ги има следните права:

- да бира и да биде биран во органите на ШФМ;
- да учествува во сите активности на ШФМ лично или преку своите претставници;
- да ги користи сите права кои произлегуваат од актите на ШФМ, а се во интерес на неговото работење;
- слободно да го изнесува своето мислење и оценки за работата на органите на ШФМ;
- да ја информира ШФМ за своите проблеми од финансиска, техничка и организациона природа и бара соодветна помош.

## Член 15.

Должности на членот на ШФМ се:

- да го почитува и спроведува Статутот и другите нормативни акти, одлуки и заклучоци на органите на ШФМ;
- да соработува и учествува во активностите на ШФМ;
- да придонесува во работата на органите на ШФМ во кои е избран;
- презема и други активности што се во интерес на ШФМ и шаховската игра.

## Член 16.

Членувањето на членот на ШФМ, може да престане во следните случаи:

- по негово барање;
- поради неактивност, со бришење од евиденција;
- со исклучување од ШФМ, по одлука на Управниот Одбор на ШФМ:
    - за непочитување на Статутот и нормативните акти на ШФМ;
    - за неспроведување на одлуки и заклучоци на органите на ШФМ;
    - за недисциплина и тешка повреда на угледот на член на ШФМ.

# V. Органи на ШФМ

## Член 17.

Органи на ШФМ се :

1. Собрание
2. Управен одбор (во натамошниот текст УО)
3. Надзорен одбор (во натамошниот текст НО)

## 1.Собрание

### Член 18.

Собранието на ШФМ (во натамошниот текст Собранието) е највисок орган.

Членовите на Собранието се претставници од шаховските клубови и сојузи, регистрирани во ШФМ.

Членови на Собранието можат да бидат сите активни регистрирани спортски шаховски клубови на територијата на Република Македонија. Активен спортски шаховски клуб е оној клуб кој има регулирана регистрација во Централен Регистар на Р. Македонија, валидна спортска лиценца од владата на Р. Македонија (Агенција за млади и спорт) и настапувано во системот на натпревари на Шаховската Федерација на Македонија најмалку еднаш во последните две календарски години. Другите клубови, здруженија на граѓани, сојузи кои се занимаваат со дејност шах, но не ги исполнуваат горенаведените услови имаат статус на придружни членки на Собранието кои можат да учествуваат во работата на Собранието да даваат свои предлози, но немаат право на одлучување.

Секој член на Собранието има по еден свој претставник кој мора да има полномоштво за учество во Собранието заверено од Клубот и ги има сите права дадени со Статутот и нормативните акти на Шаховската Федерација на Македонија за работа на Собранието.

Членови на Собранието може да бидат и други лица, заслужни шаховски работници, со одлука на Собранието, а на предлог на УО.

На Собранието можат да присуствуваат и поканети гости кои можат да земат учество во работата на Собранието, но без право на одлучување.

### Член 19.

Собранието ги извршува следните работи:

- донесува Деловник за работа на Собранието,
- донесува Статут, Програма и други акти,
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница,
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа,
- одлучува за промена на целта на ШФМ,
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на ШФМ,
- избира и разрешува членови на органите на ШФМ,
- одлучува за статусните измени на ШФМ,
- одлучува за престанок на ШФМ со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на ШФМ и
- врши и други работи во согласност со Статутот и актите на ШФМ

### Член 20.

Собранието своите седници ги одржува најмалку еднаш годишно.

Собранието може да работи ако се присутни повеќе од половината претставници на Собранието.

Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните претставници на Собранието.

На Собранието се одлучува со јавно гласање.

### Член 21.

Седница на Собранието свикува Претседателот на Собранието.

Претседателот на ШФМ по функција е и Претседател на Собранието.

Вонредна седница на Собранието може да се одржи по писмено барање од една третина од вкупниот број членови на ШФМ. Вонредната седница се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одржување.

Седница на Собранието за работата на Управниот одбор може да се свика и на предлог на Надзорниот одбор.

Ако Претседателот на Собранието во рок од 30 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

## 2.Управен одбор

### Член 22.

Членовите на УО ги избира Собранието, со мандат од четири години и со можност за повторен избор.

Во Управниот одбор членуваат најмалку по еден правник и економист.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на некој од членовите на УО, по било кој основ, освен на Претседателот, изборот на новите членови на УО ќе се изврши на првата наредна седница на Собранието.

Мандатот на новоизбраниот член трае до истекот на мандатот на останатите членови на УО. Во случај на предвремен престанок на мандатот на Претседателот по било кој основ, Собранието избира нов Претседател најдоцна во рок од 30 дена.

### Член 23.

Помеѓу две седници на Собранието со работата на ШФМ раководи УО, кој е колективен извршен орган на Собранието.

### Член 24.

УО ги врши следните работи:

1. Донесува едногодишни програми за работа на ШФМ.
2. Донесува критериуми за одредување надоместоци на членови на ШФМ.
3. Подготвува материјали за Собранието.
4. Ги извршува и го следи извршувањето на одлуките на Собранието.
5. Усвојува Правилници и други нормативни акти од своја надлежност.
6. Усвојува Правилници за наградување на шахисти, спортски работници, селектори, тренери и судии.
7. Ги реализира плановите и програмите на ШФМ.
8. Формира комисии и други помошни тела на УО.
9. Ја следи работата на комисиите и другите помошни тела
10. Донесува календари и Правилници за натпреварите кои се во ингеренција на ШФМ
11. Контактира со членството,
12. Води евиденција на членовите и нивните активности
13. Ги разгледува пристапниците за нови членови и одлучува по нив.
14. Врши и други работи од интерес на ШФМ, кои не се во спротивност со овој Статут и Законот.

### Член 25.

Управниот одбор на ШФМ го сочинуваат 9 (девет) членови, во кои влегува Претседателот на ШФМ и потпретседателот на ШФМ.

Управниот одбор од своите редови избира Секретар на УО.

Секретарот за своето работење е одговорен пред УО на ШФМ. Навремено ги изготвува и донесува сите материјали на УО. Одговорен е за реализација на сите донесени одлуки и извршува други активности кои ќе му бидат одредени од страна на УО на ШФМ.

Управниот одбор назначува Генерален секретар, селектори и тренери на државните репрезентации.

## Член 26.

УО се состанува по потреба.

Седниците на УО ги свикува Претседателот, по сопствена иницијатива или по барање на најмалку една третина од членовите на УО.

## Член 27.

Со седниците раководи Претседателот, а во негово одсуство Потпретседателот.

УО може да работи доколку се присутни повеќе од половина од членовите на УО. Седница на Управниот Одбор не може да се одржи без присуство на Претседателот или Потпретседателот.

Одлуките на УО се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

Во итни случаи, можно е „одлучување без присуство". Членовите на УО се изјаснуваат без одржување седница на УО, или без присуство на член на УО, телефонски или преку електронска пошта. Сите одлуки донесени на ваков начин се евидентираат во записник што го потпишува Претседателот на Управниот Одбор.

Одлуките донесени на ваков начин влегуваат во сила со денот на изјаснување на сите членови на УО, освен ако во одлуката не е утврден друг момент за влегување во сила.

За својата работа УО е одговорен пред Собранието.

## Член 28.

### Претседател

- раководи, ја застапува и претставува ШФМ
- во своето работење се раководи од нормативните акти на ШФМ, одлуките на Собранието и други акти;
- ја контролира исправноста на финансиското работење на ШФМ
- одговорен е за извршување на финансискиот план на ШФМ
- за своето работење Претседателот е одговорен пред Собранието;
- во случај на отсуство Претседателот го заменува Потпретседателот.

## Член 29.

### Генерален секретар

ШФМ има Генерален секретар со професионален статус.

Генералниот секретар го бира Управниот одбор врз база на спроведен Конкурс со пропишани услови.

- Генералниот секретар е самостоен во својата работа, а за истата е одговорен пред Собранието и Управниот одбор на ШФМ;
- Навремено подготвува материјали за седници и ја организира работата на Собранието и Управниот одбор;
- Подготвува Годишна програма, Апликации по Конкурс и Предлог-Календар;
- Организира и спроведува државни натпревари согласно усвоениот систем на натпревари;
- Организира и спроведува меѓународни настапи на наши репрезентативни селекции и поединци;
- Подготвува натпреварувачки извештаи од тековната година
- Одговорен е за реализација на сите одлуки на Управниот одбор на ШФМ и
- Одговорен е за реализација на тековни активности поврзани со функционирањето на ШФМ

## Член 30.

### Селектори и Тренери

- за своето работење се одговорни пред Управниот одбор на ШФМ;

- одговорни се за избор на натпреварувачкиот состав и техничката подготвеност на екипата;
- одговорни се за работата на шаховските школи;
- се грижат за едукација на членовите на ШФМ;
- ги извршуваат и другите активности кои ќе му бидат одредени од страна на Управниот одбор на ШФМ

### Член 31.

УО за работа на ШФМ формира постојани тела и тоа:

1. Стручен одбор
2. Комисија за унапредување и развој на јуниорски шах
3. Статутарна комисија
4. Натпреварувачка комисија
5. Дисциплинска комисија
6. Судиска комисија
7. Комисија за издавачка дејност
8. Тренерска комисија

УО со посебна одлука може да формира и други работни тела. Делокругот на телата се регулира со Деловникот на УО и со нормативни акти на телата.
Телата во текот на своето работење ги применуваат одлуките на Собранието и УО во рамките на Статутот и другите нормативни акти на ШФМ.
Телата имаат свој претседател и членови и нив ги избира УО.
Телата се одговорни за спроведување на програмата за работа на ШФМ и за нивните програми за работа.

### Член 32.

За одредени потреби, УО може да формира и повремени комисии. УО може да формира и организационен одбор, кој ќе се грижи за реализација на поголеми шаховски манифестации.

### 3.Надзорен одбор

### Член 33.

Надзорниот Одбор се состои од Претседател и двајца членови - избрани од страна на Собранието, со мандат од четири години и можност за повторен избор. НО работи на посебни состаноци и се грижи за исправноста во работата на ШФМ, реализацијата на програмата и исправноста на финансиското работење на ШФМ, во рамките на правилата за работење на НО.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на некој од членовите на НО, по било кој основ, изборот на новите членови ќе се изврши на првата наредна седница на Собранието. Мандатот на новоизбраниот член трае до истекот на мандатот на останатите членови на НО.

За своето работење НО е одговорен пред Собранието.

## VI. Организација на натпревари

### Член 34.

При организација на натпревари, ШФМ ќе ги применува правилата на меѓународните шаховски асоцијации.

## VII. Права и должности на натпреварувачите

### Член 35.

Статусот на натпреварувач регистриран во ШФМ, неговите права и должности, премините на натпреварувачите од клуб во клуб, заминувањето во странство, се регулира со Општиот правилник за регистрација и Дисциплинскиот правилник на ШФМ.

### Член 36.

Шаховската репрезентација на Република Северна Македонија ќе ја претставуваат шахистите со најдобри резултати и натпреварувачки континуитет, за што на предлог од селекторот одлучува УО.

Чест и должност на секој селектиран шахист е да ја репрезентира својата земја на најдобар можен начин.

### Член 37.

ШФМ е одговорен за навремени и квалитетни подготовки на шаховските репрезентации.

## VIII. Материјално и финансиско работење

### Член 38.

ШФМ се финансира преку:

1. Партиципација во програмата на ШФМ од страна на соодветните државни органи;
2. Финансиско учество на клубовите.
3. Приливи од организација на разни натпревари.
4. Спонзорство и донации од страна на соодветни општински и градски организации и институции;
5. Спонзорство и донации од други правни субјекти;
6. Наменски средства од Агенција за млади и спорт по Годишна програма и Апликација на Конкурс и
7. Средства од даночно ослободување по Законот за данок на добивка

### Член 39.

Средствата на ШФМ се распределуваат со финансискиот план и годишната програма за работа на ШФМ.

Финансиското и материјалното работење се реализираат во согласност со постоечките законски прописи, врз принципот на програмски активности и нивно одговорно извршување.

## IX. Јавност во работата

### Член 40.

Јавноста во работата се обезбедува преку:

- транспарентно објавување на Статутот и другите акти на ШФМ во согласност со Статутот на ШФМ
- повикување на претставници од средствата за јавно информирање на седници на органите на ШФМ, на кои се разгледуваат прашања од интерес за пошироката јавност
- пресс конференции;
- редовни известувања на средствата за јавно информирање
- информации на својата веб страна

## X. Награди и признанија

### Член 41.

Собранието и УО можат да доделат признанија на своите членови, како и на други лица, организации и институции, кои дале особен придонес за унапредувањето на работата на ШФМ и шахот воопшто.

Собранието и УО можат да дадат предлог и на други органи и организации за доделување на државни и општествени награди и признанија на поединци и организации, за нивните заслуги од областа на шахот.

# XI. Преодни и завршни одредби

### Член 42.

ШФМ ќе престане со работа во следните случаи:

- ако е донесена одлука на Собранието со двотретинско мнозинство;
- ако бројот на членовите на ШФМ се намали под бројот определен за основање;
- ако Уставниот суд на Република Северна Македонија донесе одлука дека програмата и Статутот на ШФМ не се во согласност со Уставот;
- ако се утврди дека ШФМ престанала со работа;
- во други случаи определени со закон.

Во случај на престанување со работа, за имотот и средствата на ШФМ одлучува Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број на гласови.

### Член 43.

Измени и дополнувања на овој Статут донесува Собранието на начин и постапка утврдени со овој Статут.

### Член 44.

Собранието на ШФМ е единствено надлежно да го толкува овој Статут, а во итни случаеви толкување ќе дава УО на ШФМ.

### Член 45.

Статутот на ШФМ е усвоен на седницата на Собранието одржана на 23 февруари 2020 година, и стапува во сила со денот на неговото донесување.

### Член 46.

Статутот и измените и дополнувањата на истиот произведуваат правно дејство од денот на запишувањето во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Собрание на ШФМ**
Претседател,
Благоја Богоевски